АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 27.07.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shlesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3032 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 24 јуни до 12 јули 2020 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 јули 2020 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик."), **а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик** („Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување, а националните радиодифузери ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на пристапен и достапен јазик и формат, како и на знаковен јазик, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување, емитувано на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година, **констатирано е прекршување на членот 75 став 1 од Изборниот законик**.

Имено, **спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, радиодифузерот, при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес**

во дневноинформативните и во посебните информативни емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

Согласно Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, во која е разработен начинот на примена на одредбите од Изборниот законик при мониторингот, **радиодифузерите што одлучиле да го покриваат изборниот процес треба да известуваат за активностите на сите учесници во изборната кампања**, а избалансираноста во известувањето за парламентарни избори да ја остварат така, што **за учесниците во изборната кампања коишто имаат ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници и сличен интензитет на кампања ќе издвојат приближно исто време.**

Важно е да се нагласи дека **од радиодифузерите не се очекува да обезбедат избалансираност** во известувањето за различните политички субјекти **во секоја одделна дневно-информативна емисија или посебна информативна емисија, туку во текот на изборната кампања**[1].

**На Предвремените парламентарни избори 2020 година, имаше 15 (петнаесет) учесници во изборната кампања**, од кои 5 (пет) произлегуваа од партии кои досега беа во парламентот – било како позиција било како опозиција, а останатите учесници беа вонпарламентарни субјекти.

За да се разберат целосно констатациите во врска со известувањето во вестите и оценките за избалансираноста во посебните информативни емисии, **во табелата подолу е даден преглед на бројот на листите на учесниците во изборната кампања:**

***Листи на учесниците во изборната кампања***

| Партија/Коалиција | ИЕ1 | ИЕ2 | ИЕ3 | ИЕ4 | ИЕ5 | ИЕ6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1. ДПА | да | да | да | | да | да |
| 2. Демократи | да | да | да | да | да | да |
| 3. „МОЖЕМЕ“ | да | да | да | да | да | да |
| 4. Левица | да | да | да | да | да | да |
| 5. Алијанса за Албанците и Алтернатива | да | да | да | да | да | да |
| 6. Глас за Македонија | да | да | да | да | да | |
| 7. ГДУ | да | да | да | да | да | |
| 8. Интегра | да | да | да | да | да | да |
| 9. ДУИ | да | да | да | да | да | да |
| 10. СДУ | да | да | да | да | да | |
| 11. Единствена Македонија | да | да | да | да | да | да |
| 12. МОРО – работничка партија | да | да | да | да | да | да |
| 13. „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | да | да | да | да | да | да |
| 14. Твоја партија | да | да | | | да | |
| 15. Народна партија на Ромите | | да | | | | |

[1] Повеќе детали за ова прашање има во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, стр. 5-9, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2020.doc

*Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од 24 јуни до 12 јули 2020 година, кој го опфаќа периодот на изборната кампања, анализата на изборното медиумско известување во дневноинформативните емисии на ТВ Алсат-М беше спроведена врз вкупно 19 изданија на Дневникот во 19 часот.

Вкупното времетраење на анализираните прилози изнесува 7 часа 31 минута и 30 секунди, од кои 3 часа 38 минути и 9 секунди беа прилози за изборниот процес за Предвремените парламентарни избори.

**За време на изборната кампања, во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година, ТВ Алсат-М во централната дневноинформативна емисија од 19 часот, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 5 (пет) од вкупно 15 (петнаесет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Воопшто не објави информации за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања.**

**Притоа, наместо за учесниците во изборната кампања со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време, во вестите известуваше со различен обем.** За учесниците во кампањата со по шест потврдени кандидатски листи одвои: за ДУИ - 56 минути и 29 секунди, за Коалиција Обнова на Македонија - 29 минути и 12 секунди, за Коалиција Можеме - 27 минути и 48 секунди, и за Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива - 19 минути и 1 секунда. За ДПА со пет потврдени кандидатски листи одвои 2 минути и 11 секунди.

***Застапеност на субјектите во вестите***

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:56:29 | 12.51 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:11 | 0.48 | % |
| ДИК | 00:20:40 | 4.58 | % |
| Влада | 01:18:52 | 17.47 | % |
| Претседател | 00:00:56 | 0.21 | % |
| Локална самоуправа | 00:22:28 | 4.97 | % |
| Други субјекти | 00:43:10 | 9.56 | % |
| Без субјекти | 00:43:24 | 9.61 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:31:55 | 7.07 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:58 | 0.88 | % |
| Јавно обвинителство | 00:12:06 | 2.68 | % |
| Судство | 00:08:13 | 1.82 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:10 | 0.26 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:18 | 4.05 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:20 | 3.18 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:34 | 2.78 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:04:46 | 1.05 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:19:01 | 4.21 | % |
| Коалиција МОЖЕМЕ | 00:27:48 | 6.16 | % |
| Коалиција ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА | 00:29:12 | 6.47 | % |
| **Вкупно =** | **07:31:30** | **100** | **%** |

Со мониторингот на изборното медиумско претставување се следат и директните обраќања (емитуваните тонски записи од изјавите). Овој податок преку квантитетот којшто го покажува времето коешто било издвоено за изјави на учесниците во изборната кампања, всушност говори за квалитет (за односот на медиумот кон субјектите во смисла на можноста публиката директно, преку тонски запис да ги чуе нивните изјави). **Структурата на директните обраќања во вестите го одразува концептот на ТВ Алсат-М да известува само за партиите кои беа дел од претходниот парламентарен состав.**

***Структура на директни обраќања***

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:18 | 11.99 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:20 | 1.30 % |
| ДИК | 00:05:31 | 5.38 % |
| Влада | 00:11:05 | 10.80 % |
| Локална самоуправа | 00:06:55 | 6.74 % |
| Други субјекти | 00:07:16 | 7.08 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:13 | 9.96 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:13 | 0.21 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:09 | 1.12 % |
| Граѓански сектор | 00:05:28 | 5.33 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:17 | 7.10 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:10 | 1.14 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:30 | 1.46 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:08:48 | 8.58 % |
| Коалиција МОЖЕМЕ | 00:11:32 | 11.24 % |
| Коалиција ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА | 00:10:50 | 10.56 % |
| **Вкупно =** | **01:42:35** | **100 %** |

Согласно Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, **балансот во известувањето има два аспекти: *квантитативен* (обемот на времето што им се доделува на учесниците во изборната кампања), и *квалитативен* (начинот на кој тие се претставени).**

**Еден од квалитативните показатели за балансот во известувањето е рамката (врамувањето) во која се информира за одреден субјект**, а којашто говори за контекстот на известувањето. **Поимот за 'врамувањето' не е поврзан со вистинитоста или невистинитоста на контекстот, туку со светлината што тој контекст ја фрла врз субјектот. Ако за некој политички субјект почесто се известува во проблематичен контекст, тоа може да укажува на намера субјектот да ѝ се претстави на јавноста во негативен контекст**[2].

**Според податоците за застапеноста на субјектите во вестите, најмногу време беше одвоено за ДУИ, речиси колку за коалициите Можеме и Обнова на Македонија, заедно. Меѓутоа во голем дел од**

2 Повеќе детали за ова прашање има во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, стр. 8, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2020.doc

одвоеното време, контекстот беше негативен за ДУИ. Беа емитувани повеќе прилози со критика за отстапувањата од реализацијата на претходни програмски цели и ветувања кои му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка.

Некои од примерите за вакво известување се:

Во најавата за прилогот ***„Кампусот на Универзитетот Мајка Тереза – нереализирано ветување; Касарната сеуште сопственост на Министерството за одбрана“*, емитуван на 9 јули** (19:01:56 – 19:04:45) водителката го вели следното: „Го започнаа со претходниот владин партнер – Никола Груевски, а го ветија и во мандатот кој им завршува, но ДУИ никако да го реши проблемот со објектот на Универзитетот „Мајка Тереза“. Ова ветување е пренесено од претходната во сегашната програма 2020 – 2024. Алсат беше на местото каде што треба да започне изградбата, но таму не е ставен ниту еден столб...“. во продолжение новинарката известува од местото каде требаше да се изгради објектот на Универзитетот „Мајка Тереза“: „Во просториите на касарната Илинден, која се наоѓа позади мене, беше ветена изградбата на објектот и универзитетскиот студентски дом на Универзитетот „Мајка Тереза“. Екипата на Алсат нема дозвола да сними внатре во просториите на касарната, бидејќи имотот се уште не е во сопственост на Универзитетот, иако помина повеќе од 1 година од кога се одреди просторот и околу 5 години од кога проектот беше промовиран“. Кога се говори за незапочнатата изградба на објектот, се вели „последните снимки од камерите на Алсат сведочат дека студентите на УМТ уште долг период ќе продолжат да талкаат по објекти за да ги следат предавањата, независно што ДУИ веќе 5 години ветуваше изградба на универзитетски објект. Дури ова ветување ДУИ го претстави и овој пат во нивната предизборна програма 2020-2024. И министерот за образование Арбер Адеми, веќе неколку пати вети затворање на процедурите кои се однесуваат на почетокот на изградбата на новиот универзитетски кампус на УМТ. Досега сите овие ветувања на Адеми и неговата партија ДУИ резултираа само со празни ветувања. Алсат и овој пат побара одговор од Универзитетот „Мајка Тереза“ за да поточно сфати до каде стигнале процедурите за почетокот на изградбата на универзитетскиот објект. Во писмениот одговор од страна на оваа институција, меѓу другото се вели дека чекаат да се смени урбанистичкиот план од страна на Општина Чаир, исто како што пред некое време направи и Општина Карпош. Потсетуваме дека во 2017 година, во една изјава за Алсат, ректорот Азизи Положани призна дека во име на забрзување на процедурите, доделил тендер од 700.000 евра за да се направи идејниот проект за овој Универзитет. До клуч на рака, овој универзитетски комплекс се очекува да изнесува сума од околу 25 милиони евра, додека само основниот проект чинел над 700.000 евра.“ На крај медиумот завршува со информација дека Универзитетот „Мајка Тереза“ за организирање на предавањата ги користи просториите на ССМ и просториите на ОУ „Конгреси и Манастирит“, и дека изградбата на овој објект била ветена во времето кога на власт беше Никола Груевски 2015 кога беше донесена и одлука за основање на Универзитетот „Мајка Тереза“.

Во најавата на прилогот за програмата на ДУИ, ***„Програмата на ДУИ – плагијат на стара“, „Повторно се ветуваат нереализираните проекти“*, емитуван на 8 јули** (19:09:22 – 19:12:30) се вели: „Во изборната програма 2020-2024 година, ДУИ си ги препишала речиси од збор до збор програмите од минатите избори и како ветувања ги повторува нереализираните проекти.. Неизградените автопати и болници се ветуваат повторно, а од оваа партија ги сметаат за завршено прашање претставувањето во институциите, јазикот и албанскиот театар“. Потоа медиумот вели: „проектите се препишани од една во друга програма и другите избришани без да бидат реализирани во изминатиот мандат. Во програмата 2020-2024 г. го сметаат за завршено прашање претставувањето во институциите, јазикот и албанскиот театар“. На крај на прилогот медиумот ги наведува многуте наведени проекти во изборната програма кои се препишани од претходната програма и незавршени и кои повторно се ветуваат (изградба на железничката инфраструктура, на автопати, болници др.).“

**Во наредниот прилог *„Ветувања на ДУИ: Училници со по 20 ученици“*, *„Многу школи со околу 40 ученици во класот“*, *„Арачиново со години бара отворање на нови паралелки“*** (19:12:31 –

19:15:06), **емитуван на 8 јули**, се вели: „Чудесии и европски стандарди во образование ветува ДУИ во изборната кампања, но и покрај тоа што овој субјект со години го раководи образованието, проблемите на албанските ученици немаат крај..." Потоа медиумот вели „ситуацијата во школите што ги посети Алсат, во реалност го потврдија спротивното што ДУИ го вети. Во некои училишта бројот на учениците во еден клас достигнува и до 40." Следува изјава на директорот на ОУ *Ѓерѓ Кастриот Скендербеу*"-с.Арачиново. На крај медиумот вели додека многу школи чекаат да се отворат дополнителни паралелки, некои школи чекаат реконструкција на постоечкиот објект, а децата од Визбегово, населба Барди од село Блаце, и понатаму чекаат за изградба на новиот училиштен објект.

**Во најавата за прилог од 1 јули** (19:26:14 – 19:28:15) се вели: „На 4 годишницата од смртта на малиот Алмир, неговите блиски се уште бараат правда низ судовите. Случајот е во Апелациониот суд. ДУИ вети комисија, но истата никогаш не се свика".

Во најавата на прилогот ***„Пропаднати комисии за судските епилози"*, емитуван на 29 јуни** (19:13:05–19:15:48), се вели: „пропаднаа сите анкетни комисии иницирани од ДУИ во Собранието. Пратениците од оваа партија имаа иницијатива за судските предмети за „Алмир", „Дива Населба" и „Сопот". Ниту еден од овие предмети не доби епилог во Собрание". Во продолжение на прилогот се вели „Ниту една анкетна комисија иницирана од ДУИ во Собранието не доби парламентарен или судски епилог. Ова го потврдуваат иницијативите на оваа партија во законодавниот дом за судски предмети како: „Алмир", „Дива Населба", „Монструм„ прислушувањата и „Сопот". Потоа се наведуваат судските епилози.

*Алмир:* Поради случајот со Алмир Алиу од Куманово, министерот за правда Билен Салиу си даде оставка. ДУИ предложи анкетна комисија дури по претквалификацијата на делото и неправедната правна казна. Дури ги покани членовите на семејството на Алмир Алиу во Собрание, додека предлогот остана ист бидејќи седницата никогаш не беше свикана. Во нивниот предлог беше вклучена покана и до Комисијата на министерот, главниот обвинител и судијката, но обвинувањата на ДУИ беа дека шефот на Комисијата за човекови права и слободи Фадил Зендели, го блокира свикувањето на Комисијата. Тој ги негираше обвинувањата, велејќи дека ДУИ не е искрена во својата иницијатива, бидејќи претходно не се консултирала со него.

*Куманово:* Или „Дива Населба", 2015 година. Обвинувањата против ДУИ како владејачка албанска партија и барањето на лидерот на ДУИ Али Ахмети за истрага со меѓународна помош, беа причина парламентарната група од 19 пратеници од оваа партија да иницираат анкетна комисија. Оваа комисија беше формирана паралелно со судењето и беше распуштена како резултат на предвремените парламентарни избори во 2016 година. Оваа комисија никогаш не беше свикана, додека ДУИ се уште бара истрага за случајот „Дива Населба", иако некои од функционерите на партијата не беа поканети на суд како сведоци предложени од одбраната.

*Монструм:* По доживотниот затвор и изјавите на поранешниот портпарол на ДУИ, Бујар Османи, дека нема да бидат казнети невини Албанци, 14 пратеници на ДУИ повторно иницираа парламентарна комисија. Иако имаше последователни седници, епилог повторно немаше. И овој случај доби епилог по нелегалните прислушувања.

*Сопот:* По високите казни, 15 пратеници на ДУИ иницираа анкетна комисија. Иако, Собранието ја презеде улогата на истражител, пратениците и претставниците на органите за кривично гонење поканети во Комисијата не беа во можност да ја откријат вистината. Потребна беше изјавата на поранешниот амбасадор на НАТО, Бигман за да се докаже невиноста на жителите на Сопот.. Прислушуваните разговори ја докажаа и нивната невиност.

На крај на прилогот медиумот вели „од 2002 година, досега ниту еден пратеник на ДУИ не ја водеше Постојаната парламентарна анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи. На чело на оваа комисија ДУИ не беше ниту од 2006-2008 година, кога партијата на Ахмети беше во опозиција".

Во најавата на прилогот ***„Првите заменици/министри, „незабележливи“, „Џафери ќе се памети по „бомбите“, „Лика шест месеци не отиде на работа“,*** **емитуван на 29 јуни** (19:10:45 – 19:13:05), се вели: „речиси ниту еден од првите заменици/министри од ДУИ не се паметат за некој голем проект и конкретна реализација.“ Во продолжение на прилогот се вели „Барањето на ДУИ за премиер Албанец доаѓа по мандатот на неколкуте вицепремиери во извршната власт, чии активности скоро секогаш беа во сенка и без резултати. Вицепремиерот за спроведување на Охридскиот договор со години беше првиот кој ја координирал работата на сите други министри Албанци. Во улога на вицепремиер, Муса Џафери скоро и да не беше воопшто присутен во јавноста, па медиумите имаа многу мала можност да го интервјуираат и да му поставуваат прашања. За улогата на Џафери јавноста повеќе слушна во „бомбите“ и прислушуваните материјали. Набргу откако изби скандалот со прислушувањето, ДУИ ги смени министрите и на негово место дојде Фестим Халили. Без целосен мандат, Халили ќе биде запаметен откако ангажираше фирма која работи како киоск во Тетово за да го анализира спроведувањето на Охридскиот договор. Со промената на власта во 2017 година, за вицепремиер од редовите на ДУИ дојде Хазби Лика. Како резултат на внатрешното политичко незадоволство, Лика ретко можеше да се види на јавни активности и во Владата. Освен тоа, не доаѓаше ниту на работа и тоа повеќе од шест месеци. Подоцна Лика беше разрешен и со формирањето на новата Влада, неговото место го зазеде поранешниот министер за екологија, Садула Дураку. Институцијата што сега ја раководи Дураку, граѓански организации ја оценија како најнетранспарентна од сите државни ресори“. На крај на прилогот медиумот вели „Меѓу клучните и најважните задачи на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот договор е да се обезбеди правична застапеност на Албанци во институциите. Процесот на систематизација на административците не е завршен по сите овие мандати и после сите овие лица надлежни за ова тело. Првите вицепремиери Албанци не се паметат дека промовирале или спровеле некој голем проект, а ДУИ денес бара уште повисока позиција, премиерската“.

**Беа емитувани и прилози во кои како субјект е регистрирана методолошката категорија „Локална самоуправа“, а всушност станува збор за градоначалници на ДУИ, преку кои се критикува ветената, а нереализирана програма на партијата.**

Некои такви примери се:

**На 2 јули се емитуваа последователно три прилози** (19:11:53-19:14:20) ***„Депонијата во Липково - нерешен проблем“*** со Еркан Арифи, градоначалник на Липково од редовите на ДУИ. (19:14:20 - 19:15:58) ***„Се полнат дупките на улиците во Чаир во кампања, се работи само пред избори“,*** реализирано како вокс поп со граѓани и соопштение од Општина Чаир, која е предводена од ДУИ и (19:15:58 - 19:17:12) **обвинување на Алијанса за Албанците кон ДУИ** дека ја злоупотребува власта за кампања, а во прилогот се пренесува соопштение од Теута Арифи.

**На 4 јули** (19:18:54 - 19:21:03) се емитуваше прилог ***„Липково помеѓу две езера, а без вода за пиење“,*** за реакцијата на разочараните граѓани од неисполнетите ветувања на ДУИ, со изјава на Еркан Арифи, градоначалник на Липково.

**На 5 јули** (19:04:48 - 19:07:31) во прилогот ***„Многу села во Сарај без вода за пиење и канализација“***, со Блерим Беџери, градоначалник на Сарај.

**На 11 јули** (19:17:17 - 19:20:30), прилогот ***„Дебар повеќе без вода, отколку со вода“*** со градоначалникот од редовите на ДУИ.

**На 12 јули** (19:08:14 - 19:10:32) во прилогот ***„Слупчане остана без споменик“***, Еркан Арифи, градоначалникот на Липково од редовите на ДУИ го прашуваат за нереализираното ветување, по што следува прилог (19:10:32 - 19:12:44) за ***„Контрати" катните гаражи кои не се реализираа - ветувањето на ДУИ***, за што со соопштение одговара Град Скопје.

**Се емитуваа и прилози со методолошките категории „аналитичари и експерти", „други субјекти" или „без субјекти" (вокс поп со граѓани) за неисполнетите претходни ветувања на ДУИ.**

Некои такви примери се:

Прилогот **од 25 јуни** (19:10:12 - 19:13:18) со анализа на професорот и аналитичар Веби Беџети. Се однесува на понижувачките пропорции на застапеност на Албанците, додека ДУИ води уште една кампања за албанските прашања под албанското знаме.

Во прилогот **од 28 јуни** (19:04:22- 19:07:10) станува збор за спречување на меѓународната истрага за случајот „Диво насеље, кумановско", за што партијата ја обвинува адвокатот на одбраната на обвинетите Насер Рауфи. **Истиот ден** (19:23:31- 19:26:15) се емитуваше и прилог за нереализираното ветување на ДУИ да го заштити со закон Шарпланинскиот пес.

**На 29 јуни** (19:19:56 - 19:21:47) се емитуваше прилог за иницијативата на Движењето против игрите на среќа. Во прилогот како субјекти се појавуваат граѓански сектор, односно Јуши Емерлаху и Нухи Ганија од Движењето против игри на среќа и Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, а станува збор за барањето на Движењето, затворањето на казината да биде услов за новата Влада и за тоа дека, во овој случај ДУИ не ја зема предвид потребата на граѓаните.

Во форма на вокс поп во прилогот **од 4 јули** (19:16:22 - 19:18:54), граѓаните од Визбегово реагираат дека се изморени од предизборни ветувања, без вода за пиење и канализација.

Сличен е прилогот за заборавените ветувања за училишта во Куманово, со изјави на граѓани и со постара изјава на Арбер Адеми, во својство на министер за образование, емитуван **на 11 јули** (19:14:45 - 19:17:17).

**Медиумите како коректив на власта имаат легитимно право да ја критикуваат Владата и партиите од власта за начинот на кој работат, меѓутоа обемот и зачестеноста на ваквите прилози во периодот на кампањата, му даваат на известувањето за партијата ДУИ негативна рамка.**

### *Посебни информативни емисии*

**Телевизијата не успеа да обезбеди баланс ниту во посебните информативни емисии. Во интервјуата им отстапи простор само на партиите и коалициите кои беа дел од претходниот парламентарен состав, со исклучок на ДПА. Во дебатите, исто така, остана концентрирана на овие учесници во изборната кампања (Коалицијата Можеме, Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Коалицијата Обнова на Македонија и ДУИ). Единствените информации за тоа дека во изборите учествуваат и други партии, беа објавени во едно издание на емисијата „360 Степени", каде што, една од темите беа изборните понуди на Интегра, Левица, Единствена Македонија, СДУ Скопје и Твоја партија. Ваквата уредничка политика, според која на публиката не ѝ е обезбедена речиси никаква информација за понудата на вонпарламентарните партии, не кореспондира со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници од Изборниот законик.**

*Интервјуа*

Интервјуата беа реализирани во рамките на посебните информативни емисии „Програма 200", „Патот кон..." и „ 360 Степени". Сите емисии имаа премиерно издание и по една реприза следниот ден. Вкупно беа емитувани пет емисии со 6 интервјуа.

Првото интервју беше емитувано на 30 јуни, со лидерот на ДУИ Али Ахмети со кого се разговараше за: влијанието на политиката во правосудството и најавените реформи, застапеноста на Албанците во правосудството, разрешницата за одредени судски случаи и нивното користење во политичкиот дискурс, прислушуваните разговори и нивната понатамошна улога, начинот на водење на кампањата од ДУИ, можните коалиции и можните поделби на ресорите во идната Влада и колку е реална можноста за Албанец премиер во ликот на партискиот предлог за господинот Зибери.

На 2 јули беа реализирани две интервјуа. Првото беше со Африм Гаши од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива на следните теми: партиските цели во врска со коалицијата со Алијанса за Албанците, досегашното учество во Владата, можните идни коалиции после изборите, законот за правично застапување, решенија за криминалот и корупцијата, родовата рамка и претставувањето на жените на партиските листи, младите на партиските листи, концептот за отворени листи на изборите, пандемијата и изборите. Второто интервју беше со Билал Касами од Беса, односно од Коалицијата Можеме, со кого се разговараше за: коалицијата со СДСМ, реториката во изборната кампања наспроти таа на претседателските избори, можноста за спојување со СДСМ, причините за останување надвор од претходната Влада, оценки за владеење на претходната Влада, можни коалиции после изборите, решенија за криминалот и корупцијата, родовата рамноправност на пратеничките листи, концептот на отворени листи на изборите, предлогот за кратење на патните трошоци на пратениците, пандемијата со Ковид-19 и нејзиното влијание на изборите.

На 3 јули беше емитувано интервју со Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО ДПМНЕ, кој ја предводеше Коалицијата Обнова на Македонија. Со него се разговараше за очекувањата од исходот на изборите, можните пост-изборни коалиции со албанските партии, Законот за употреба на јазиците, програмата и понудата на изборите, односот кон договорите со Грција и Бугарија, името на државата, ставот за Комисијата за историски прашања како и за правосудството и неговата реформа.

Интервју со Зијадин Села од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива беше реализирано на 7 јули, кога тој беше прашан за дискриминацијата на Албанците, искуството од учеството во претходната Влада, родовата застапеност во партијата, официјализирање на албанскиот јазик, ветувањата за време на кампањата и можноста за реализација, можните идни коалиции, реформите во судството и за поддршката за АА-А од Албин Курти од косовското движење Самоопределување.

На 9 јули следуваше интервју со Зоран Заев лидерот на СДСМ, односно Коалицијата Можеме, кој одговараше на прашањата за неговите очекувања од парламентарните избори, досегашните соочувања со Мицкоски, односот со другите партии, идејата на ДУИ за Албанец премиер, можните коалиции по изборите, договорите со Бугарија и Грција, основните програмски вредности, личното богатство и капитал, прислушуваните разговори и за политичката понуда за граѓаните на изборите.

*Дебати*

Телевизијата Алсат – М реализираше и неколку дебатни емисии во кои беше обезбедено учество на претставници на Коалицијата Можеме, Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Коалицијата Обнова на Македонија и од партијата ДУИ. Во дебатит,е покрај партиските претставници, учествуваа експерти, аналитичари, претставници на граѓанскиот сектор и други субјекти.

Премиерно беа емитувани шест дебатни емисии во рамките на „Економски магазин“, „360 Степени“ и „Патот кон...“ и четири репризи.

Во првата дебата, на 24 јуни, гостуваа Илми Азири од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива и Герман Филков од Центарот за граѓански комуникации. Поканет бил и претставник на ДУИ, но неговото столче остана празно. Дебатата беше на тема: економската состојба во земјата; економскиот план на Коалицијата на Алијанса за Албанците и Алтернатива и што нудат тие за економијата во нивната програма, потребата од капиталните инвестиции и рамномерен економски развој во земјата, изборниот план за буџетот и неговата структура, фискалната децентрализација и распределбата на буџетот на општинско ниво.

На 25 јуни дебатираа Бојан Маричиќ од Коалицијата Можеме, Агон Ферати од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Бујар Османи од ДУИ и Стефан Андоновски од Коалицијата Обнова на Македонија. Гостите дебатираа за Преспанскиот договор, добрососедството со Бугарија, очекувањата од преговорите за членство во ЕУ, влијанието на надворешната политика во партиите и програмските понуди во кампањата за надворешна политика.

Во следната дебата, на 26 јуни гостуваа Оливер Ристовски од Коалицијата Можеме, Блерим Беџети од ДУИ, Ружица Николовска од Коалицијата Обнова на Македонија и Ремзи Мехмеди од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива. Учесниците дебатираа за: состојбата во правосудството, предметите на СЈО и нивната понатамошна судбина, за реизборот и ветингот во судството, партиските планови во програмите за правосудството и борбата против корупцијата.

Во дебатата од 1 јули на тема: економските програми на партиите и начинот за справување со економската криза предизвикана од Ковид 19, даночната политика и јавниот долг; дебатираа: Фатмир Битиќи, кој ја претставуваше Коалицијата Можеме и Дарко Лазаров, кој ја претставуваше Коалицијата Обнова на Македонија.

Следните неколку дебати се водеа со гости експерти и аналитичари.

На 8 јули, Александар Кржаловски од граѓанска организација „Македонски центар за меѓународна соработка“, Ангелка Пеева Лауренчиќ, експертка за односи со јавноста и Мирче Јовановски, новинар, дебатираа за кампањата и пораките коишто партиите ги испраќаа до граѓаните. Во рамките на дебатата се емитуваше прилог со изјави од Елена Маркова Велкова од ВМРО ДПМНЕ и со Митко Андреевски од СДСМ на тема енергетика и партиските планови и програми во таа област.

Последната дебата беше на 11 јули и во неа како експерти – аналитичари гостуваа: Владо Бучковски, Башким Селмани и Сашо Клековски, кои дискутираа за пораките испратени до граѓаните, очекувањата од исходот на изборите, можните коалиции, маркетингот на кампањите и за очекувањата на различните партии од власта и од опозицијата.

*Други информативни емисии*

Телевизијата реализираше две премиерни изданија на емисијата „360 Степени“ (на 29 јуни и на 6 јули) кои жанровски се категоризираат како посебни информативни емисии и истите ги емитуваше репризно уште по еднаш на програмата. Второто издание на посебната информативна емисија „360 Степени“ (кое имаше и една реприза), во еден сегмент од емисијата овозможи информирање за активностите на вонпарламентарните политички партии, учесници на изборите, за кои не беше информирано во останатиот дел од програмата. Станува збор за Единствена Македонија, СДУ – Скопје, Твоја партија, Интегра - Македонска конзервативна партија и Левица.

Во изданијата на посебната информативна емисија „360 Степени", покрај останатите беа застапени следните теми релевантни за изборите: „Заштитата од вирусот за време на изборната кампања", „Предизборните анкети", „Начинот на водење на кампањите, партиските пропагандни спотови и објавата на нови прислушувани разговори", „Малите вонпарламентарни партии и нивните понуди", „Ставовите на поголемите партии и коалиции во врска со договорите со Грција и со Бугарија" и „Гласањето на лицата со попреченост".

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, **Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје**, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, **за време на изборната кампања од 24 јуни до 12 јули 2020 година**:

- Во вкупно 19 (деветнаесте) дневноинформативни изданија на Дневникот во 19 часот, **наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 5 (пет) од вкупно 15 (петнаесет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Воопшто не објави информации за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања.**

  Притоа, **наместо за учесниците во изборната кампања со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време, во вестите известуваше со различен обем.**

  **Најмногу време беше одвоено за ДУИ, меѓутоа** во голем дел од одвоеното време, **контекстот беше негативен.**

  **Беа емитувани и повеќе прилози** во кои не беше субјект ДУИ, туку други категории субјекти застапени во вестите, во кои се критикуваа отстапувањата од реализацијата на претходни програмски цели и ветувања, **кои му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка.**

- **Во посебните информативни емисии реализирани како интервјуа им отстапи простор само на партиите и коалициите кои беа дел од претходниот парламентарен состав, со исклучок на ДПА.**

  **Во посебните информативни емисии реализирани како дебати, исто така, остана концентрирана на овие учесници во изборната кампања** (Коалицијата Можеме, Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Коалицијата Обнова на Македонија и ДУИ).

**Со што не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.**

## 8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје.

***Сектор за програмски работи***